**ОГЛАС ЗА СЛОБОДНО РАБОТНО МЕСТО – Национален среднорочен експерт од областа на комуникација и подигање на свеста (Компонента 4) во рамки на проектот Поддршка на ЕУ за владеење на правото**

Контрактор: Лудвиг Болцман Институт за основни и човекови права

Локација: Скопје, Северна Македонија

Тип на вработување: среднорочен ангажман

Очекуван почеток: Септември 2021 година

Очекувано времетраење: 12 месеци, Септември 2021 – Септември 2022 година

**КОНТЕКСТ**

Националниот среднорочен експерт во областа на комуникација и подигање на свеста ќе работи како дел од тимот за имплементација на грантот доделен од страна на Европската Унија „Поддршка на ЕУ за владеење на правото" во Северна Македонија. Проектот се спроведува од страна на искусно меѓународно партнерство под раководство на Агенцијата за европска интеграција и меѓународен развој (АЕИ) и тројцата партнери – Министерството за правда и администрација на Република Хрватска, Министерството за внатрешни работи на Република Австрија и Лудвиг Болтцман Институтот за основни и човекови права.

Главната цел на проектот е зајакнување на владеењето на правото во Северна Македонија. Компонента 4 ја спорведува следната конкретна цел: Зајакнување на заштитата на основните права и зајакнување на употребата на алтернативни мерки за притвор. За да се постигне ова, Компонентата има за цел да оствари 8 резултати. Меѓу нив, експертот ќе работи на:

- Зајакнување на капацитетите на главните тела за човекови права за ефективно спроведување на нивните мандати
- Зајакнување на капацитетите на Канцеларијата на Народниот правобранител и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како клучни тела за надзор на човековите права
- Проценка и зајакнување на капацитетите за примена на пристапот заснован на човекови права во јавната администрација
- Зајакнување на спречувањето на родово базирано насилство и родово базирана дискриминација
- Зајакнување на политиката за правата на детето и системот за заштита на децата
- Подигање на свеста за важноста и улогата на институциите и различните тела за човекови права за заштита на човековите права
- Подобрување на почитувањето на човековите права во правосудниот систем и системот за внатрешните работи



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU

- Подобрување на пробацискиот систем и примената на алтернативни санкции

Националниот среднорочен ксперт во областа на комуникација и подигање на свеста ќе му помогне на проектниот тим во исполнувањето на различнии задачи поврзани со човековите права и значително ќе придонесе за горенаведените резултати и активности поврзани со комуникација и подигање на свеста.

Ова вклучува: активности за видливост на проектот; поддршка за подигање на свеста за важноста и улогата на различни тела за човекови права, особено Канцеларијата на Народниот правобранител и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација; подигање на свеста за правата на детето; и подигање на свеста за санкции како алтернатива за затвор.

Експертот ќе биде вклучен во изборот на соодветните пораки, канали и формати за целната публика за различните резултати од Компонентата и ќе ја дизајнира и спроведе комуникацијата преку различни средства, вклучително и онлајн активности и социјални медиуми, но и изјави за медиуми, тркалезни маси и други средства за целна комуникација. Експертите, во тесна соработка со засегнатите чинители и во соработка со други професионални даватели на услуги (дизајнери, фотографи, итн.), треба да развијат промотивен и информативен материјал за човековите права, пристап до правда или поддршка, достапни правни лекови и превентивни мерки. Целните групи ќе се разликуваат, од внатрешни приматели на комуникација во телата за човекови права, пошироката јавност, носителите на одлуки и одредени малцински групи, до експерти, судии и обвинители, полицајци, лица осудени за сторено кривично дело, деца и жртви на насилство или жртви на кршење на човековите права или лица кои се соочуваат со дискриминација. Најчестите прашања што треба да бидат комуницирани, ќе бидат основните информации за човековите права заштитени со законодавството во Република Северна Македонија, улогите и мандатите на телата за надзор на човековите права и начините за пристап до нивната поддршка, како и конкретните начини на кои овие тела се справуваат со пријави или поплаки што им се доставуваат. Подигнувањето на свеста за функцијата и придобивките од алтернативните механизми за затвор ќе биде уште еден тековен предизвик. Други активности ќе се занимаваат со успешни приказни, како и со справување со недостатоците во системот за заштита на човековите права.

**УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ**

- Дизајн и спроведување на активности за подигање на свеста од сите видови - тркалезни маси, конференции, социјални медиуми, работа на печатени медиуми, билтени, подкасти, блогови, влогови, итн...
- Директна соработка со корисниците за проценка, поддршка и зајакнување на нивната видливост и промоција на нивните улоги и надлежности
- Развој на јасна комуникација со различни целни групи за човекови права и институционалниот одговор на потенцијалните повреди на истите
- Развој на планови и мерки за подигање на свеста во соработка со проектниот тим и чинителите
- Развој на промотивни материјали и информации за теми поврзани со човекови права
- Развој на промотивен материјал за пробација и алтернативни санкции



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU

- Соработка со други професионални даватели на услуги во областа на комуникација, маркетинг агенции, фотографи, веб дизајнери, специјалисти за изглед, итн., по потреба, за постигнување на очекуваните резултати
- Поддршка на лидерот на компонентата 4 во неговите задачи поврзани со видливост и подогање на свеста, вклучително и подготовка на настани и работилници

**БАРАЊА**

- Одлично познавање на македонски и англиски јазик (писмено и усно)
- Соодветно образование, по можност универзитетска диплома за комуникации, ПР, менаџмент на социјални медиуми или слично работно искуство во соодветната област
- Силна посветеност на прашањата и вредностите поврзани со човековите права
- Докажано искуство во одржување на добра комуникација за специфични субјекти со клиенти или институции (минимум 5 години)
- Докажано искуство и вештини за развој на активности за подигање на свеста (приложете примери, линкови, итн. од Вашата претходна работа)
- Технички вештини поврзани со онлајн комуникација
- Искуство во развој на содржини за веб-страници и канали на социјални медиуми (минимум 5 години)
- Искуство во соработка со професионалци од областа на комуникација, фотографи, веб-дизајнери, специјалисти за изглед на продукт, итн... (минимум 5 години)
- Одлична естетска проценка и креативност (приложете примери од Вашата претходна работа)
- Одлични меѓучовечки комуникациски вештини
- Силна чувствителност во однос на дискурсот и јазикот кои се однесуваат на специфични групи или теми
- Силни вештини за вмрежување
- Прагматичен пристап, силни вештини за стратешко размислување и оперативно планирање.
- Флексибилност, силни вештини за адаптација и способност за тимска работа во потенцијално стресна средина со кратки рокови
- Доверливост, како и внимание на деталите

**ПОДЕНСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИ**

Апликациите треба да бидат испратени до dieter.schindlauer@rol.mk, до 29.9.2021, со назнака „Национален среднорочен експерт за комуникација и подигање на свеста" во насловот на пораката, вклучувајќи Europass формат на CV (кратка биографија) на англиски јазик и мотивациско писмо. Апликациите кои ќе бидат испратени по истекот на рокот или непотполни апликации нема да бидат земени предвид. Само кандидатите селектирани во потесен круг ќе бидат повикани на интервју.

Одбраниот експерт ќе потпише договор за обезбедување услуги со Лудвиг Болцман Институт за основни и човекови права и мора да има статус на самовработен. Тој/Таа ќе има одговорност да ги почитува законските прописи за самовработување, како и плаќањето на сите соодветни даноци и давачки.



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU